# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 9** **Четврток, 24 Октомври 2024** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бр.15Б тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"..........*
2. *Одлука за давање согласност за прифаќање намера за донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје..........*
3. *Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило на Фондација Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ Демир Капија..........*
4. *Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци..........*
5. *Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2024 година..........*
6. *Програма за одбележување на Денот на ослободувањето на Демир Капија 7-ми Ноември 2024..........*
7. *Решение за давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци..........*
8. *Решение за давање согласност на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година..........*
9. *Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци..........*
10. *Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги, и помошно техничките лица во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци за 2024 година..........*
11. *Решение за давање согласност на Годишен план за работување во 2025 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија..........*
12. *Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2024/2025 година..........*
13. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........*
14. *Решение за одобрување на финансиски средства..........*
15. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........*
16. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........*
17. *Решение за одобрување на финансиски средства..........*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/1
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
За сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

**Член 1**

Општина Демир Капија учествува со сопствени финансиски средства за обезбедување одржливост на регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Член 2**

Во 2024 година за непречено функционирање на Советувалишниот центар, Општина Демир Капија ќе учествува со финансиски средства во износ од **50.000,00** денари.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година, на сметка на Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/3
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за прифаќање намера за донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје**

Се објавува Одлука за давање согласност за прифаќање намера за донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/2
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на 22.10.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
за давање согласност за прифаќање намера за донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија во својство на примател на донација дава согласност за прифаќање намера за донација (обезбедување и поставување на 3 (три) клупи за седење и 2 (две) канти за отпад) од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 638/4 | Претседател на Совет на
22.10.2024 година | Општина Демир Капија,
Демир Капија | Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило на Фондација Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ Демир Капија**

Се објавува Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило на Фондација Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/3 | Градоначалник на
24.10.2024 година | Општина Демир Капија,
Демир Капија | Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
За престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило на Фондација Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ Демир Капија

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар-возило на Фондација Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ Демир Капија бр.08-391/5 од 28.04.2016 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.4/2016).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 638/5 | Претседател на Совет на
22.10.2024 година | Општина Демир Капија,
Демир Капија | Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИНАР-ШЕПА" Кавадарци**

Се објавува Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИНАР-ШЕПА" Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/4 | Градоначалник на
24.10.2024 година | Општина Демир Капија,
Демир Капија | Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 19 став 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница, одржана на 22.10.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-**

**ШЕПА" Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува височината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци чиј основач е Советот на Општина Демир Капија.

**Член 2**

За присуство на седници на управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци се утврдува месечен надоместок кој изнесува:
- за Претседателот на Управниот одбор, месечен надоместок во износ од **8.000,00 денари**.
- за членовите на Управниот одбор, месечен надоместок во износ од **6.000,00 денари**.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Демир Капија".

Број 08 – 638/6
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2024 година**

Се објавува Одлука за доделување на награда "7-ми Ноември" и признанија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/5
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 50 од Статутот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.8/05), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА "7-МИ НОЕМВРИ" И ПРИЗНАНИЈА**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

По повод 7-ми Ноември, денот на Општина Демир Капија, а за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој и унапредување на општината за нејзин севкупен напредок и афирмација, наградата "7-ми Ноември" за 2024 година се доделува на:

1. **АЛЕКСАНДАР АРСОВ,** за значајни остварувања во областа на културата

**Член 2**

Признанија се доделуваат на:
1. **Игор Ристовски,** за успешни активности и проекти во областа на животната средина
2. **Александра Миладинова,** заради придонесот во областа на образованието
3. **Дарио Милошевиќ,** за посебен придонес и афирмација на општината во областа на туризмот
4. **Canyon dog ranch Demir Kapija,** заради хуман третман за заштита и благосостојба на животните

**Член 3**

Наградите и признанијата ќе бидат врачени на свечената седница на Советот на Општина Демир Капија одржана по повод 7-ми Ноември, Денот на општина Демир Капија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 638/7
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за одбележување на Денот на ослободувањето на Демир Капија 7-ми Ноември 2024**

Се објавува Програма за одбележување на Денот на ослободувањето на Демир Капија 7-ми Ноември 2024, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/6
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија, на XXXIX седница одржана на 22.10.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одбележување на Денот на ослободувањето на Демир Капија**
**7-ми Ноември 2024**

**1.** Програмата за одбележување на Денот на Општината – 7-ми Ноември 2024 година, содржи:
**1.1** Спортски натпревари, рекреативни и образовни активности;
**1.2** Протоколарен дел;
**1.3** Доделување на награди и признанија и
**1.4** Културно-уметничка програма.

| Р. б. | Датум | Час | Опис на активност | Место на одржување | Средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.** | 03.11.2024 | 10:00 | Натпревар во кајак и празнично спуштање со рафтинг и знамиња | Река Вардар, ККК „Просек“ Демир Капија | / |
| | | | | | |
| **2.** | 04.11.2024 | 10:00 | Детска трка со ученици од ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | Германски тунел – Градски Плоштад | 22.000,00 |
| **3.** | 04.11.2024 | 11:30 | Археолошка и винска презентација | Музеј Демир Капија | / |
| **4.** | 04.11.2024 | 12:00 | Презентација за историјата на Демир Капија, за уникатната флора и фауна + презентација за одгледување птици грабливки, дружба и фотосесија со трениран јастреб | Музеј Демир Капија / Школски двор на ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | 9.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | 04.11.2024 | 16:00 | Натпревар во табла и шах (две категории – јуниори и сениори) | Спортска сала при ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | 20.000,00 |
| | | | | | |
| **6.** | 05.11.2024 | 09:00 | Засадување дрвја во чест на хероите | Двор на Амбуланта Демир Капија | 16.000,00 |
| **7.** | 05.11.2024 | 11:30 | Поетско и прозно читање по објавен конкурс од страна на ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | Хол на ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | 4.500,00 |
| **8.** | 05.11.2024 | 13:30 | Празнично искачување карпи и поставување на знамиња на една од насоките | Качувачки локалитет – Демиркаписка Клисура | / |
| **9.** | 05.11.2024 | 15:00 | Пријателски фудбалски натпревари | Спортска сала при ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | 27.000,00 |
| **10.** | 05.11.2024 | 20:00 | Театарска претстава „Кавадаречки пастуви“, Аматерски театар „Иван Мазов Климе“ Кавадарци | Дом на култура „Мирка Гинова“ Демир Капија | / |
| | | | | | |
| **11.** | 06.11.2024 | 10:00 | Празнична велосипедска тура низ Демир Капија | Плоштад – Парк – Црква – Хотел Вердисо – Кралска Винарија „Вила Марија – Плоштад | / |
| **12.** | 06.11.2024 | 13:00 | Пријателски кошаркарски натпревари | Спортска сала при ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | 20.500,00 |
| **13.** | 06.11.2024 | 21:00 | Забава со ДКР и DJ | Градски плоштад | 22.000,00 |
| **14.** | 06.11.2024 | 00:00 | Огномет | Градски плоштад | 22.000,00 |
| | | | | | |
| **15.** | 07.11.2024 | 09:00 | Прием на гости кај градоначалник | Општина Демир Капија | / |
| **16.** | 07.11.2024 | 10:00 | Свечена церемонија на кревање на знамињата | Градски плоштад | / |
| **17.** | 07.11.2024 | 11:00 | Положување на свежо цвеќе пред спомен обележјата на борците од НОБ | с.Прждево и с.Бистренци | 4.000,00 |
| **18.** | 07.11.2024 | 12:00 | Изложба на фотографии од Димитар Набаков „Сите лица на Кожуф“ и ликовна изложба од ученици од ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија | Хол на Општина Демир Капија и градски плоштад | 8.000,00 |
| **19.** | 07.11.2024 | 12:00 | Културна изложба на рачни изработки и други предмети | Градски плоштад | / |
| **20.** | 07.11.2024 | 13:00 | Свечена седница на Советот на Општина Демир Капија<br>- Изведба на македонската химна<br>- Свечено отварање на настанот и поздравен говор од градоначалникот и претседателот на Совет<br>- Приказ на видео запис за Демир Капија<br>- Изведба на ора од КУД „Мирка Гинова“ Демир Капија<br>- Читање на наградените од конкурсот за проза и поезија<br>- Приказ на видео пораки од личности од Демир Капија<br>- Говор на Ѓорѓи Митревски | Дом на култура „Мирка Гинова“ Демир Капија | 45.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од ЕКО – СВЕСТ за проектот Демир Капија – заштитено подрачје<br>- Свечено доделување на наградите и признанијата „7ми Ноември“<br>- Класичен музички настап на Силвана Чулева Атанасова – флејта, Лилјана Стојковска – пијано и Радица Костадинова – соло пеење<br>- Говор на поранешен истакнат владин претставник<br>- Свечено одјавување на настанот<br>- Завршен музички настап (Ученици од ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија) | | |
| **21.** | 07.11.2024 | | Кулинарска изложба и презентација на локални специјалитети | | / |
| | | | | | |
| **22.** | | | Печатен материјал (покани, постери, дипломи, банери и сл.) | | 10.000,00 |
| **23.** | | | Други трошоци (знамиња, фотограф и сл.) | | 70.000,00 |
| | | | | **ВКУПНО:** | **300.000,00** |

**2.** За реализација на Програмата средствата во износ од 300.000,00 денари со вклучен ДДВ ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година.

**3.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 638/8
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци**

Се објавува Решение за давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/7
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та

седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Статутот на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутот на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци бр.02-2/3 од 19.09.2024 година, донесен од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 19.09.2024 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/9
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/8
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИНАР – ШЕПА Кавадарци, усвоена од Управниот одбор на јавното претријатие на седницата одржана на ден 25.09.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/10
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/9
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање Согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр.02/4/3 за утврдување на цените на услугите на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци, донесена од Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 25.09.2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/11
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги, и помошно техничките лица во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци за 2024 година**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги, и помошно техничките лица во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/10
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги, и помошно техничките лица во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци за 2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр.02/5/5 од 04.10.2024 година за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници, даватели на јавни услуги, и помошно техничките лица во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство "СТАЦИОНАР-ШЕПА" Кавадарци за 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/12
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/11
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2025 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, бр.04-78/1 од 29.08.2024 година, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2025 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/13
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2024/2025 година**

Се објавува Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/12
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 53 став (6) и (7) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Демир Капија на XXXIX седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ ВО ООУ "ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ" ДЕМИР КАПИЈА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

**1.** Со ова Решение се дава согласност на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија да формира паралелки со помал број на ученици за учебната 2024/2025 година и тоа:

- една паралелка во I (прво) одделение со вкупно 17 ученици,
- две паралелки во II (второ) одделение со вкупно 26 ученици,
- две паралелки во III (трето) одделение со вкупно 24 ученици,
- две паралелки во V (петто) одделение со вкупно 29 ученици,
- две паралелки во VI (шестто) одделение со вкупно 30 ученици,
- две паралелки во VII (седмо) одделение со вкупно 33 ученици,
- две паралелки во IX (деветто) одделение со вкупно 33 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во I (прво) одделение со вкупно 4 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во II (второ) одделение со вкупно 7 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во III (трето) одделение со вкупно 6 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во IV (четврто) одделение со вкупно 12 ученици и
- една паралелка во ПУ с.Корешница во V (петто) одделение со вкупно 10 ученици.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 638/14
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/13
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.09-558/1 од 13.09.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **30.000,00 (триесет илјади) денари** на лицето **ВЛАТКО МАНОВ** од Неготино ул.Илинденска бр.29, заради елементарна непогода - пожар.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка на лицето Влатко Манов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/15
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/14
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по

барањето бр.08-569/1 од 20.09.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **30.000,00 (триесет илјади) денари** за изградба на црква во с.Бесвица.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка 200003990434007 на Македонска православна црква - МПЦ од Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година ставка 464 990 со цел на дознака: за изградба на црква во с.Бесвица и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/16
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/15
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-572/1 од 24.09.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **АЛИ ДОМАЗЕТОВ** од с.Бистренци, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001797743381 на лицето Али Домазетов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/17
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/16
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-608/1 од 02.10.2024 година, Советот на Општина

Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **60.000,00 (шеесет илјади) денари** на лицето **СЕВИМЕ УСИНОВА** од с.Челевец, заради лекување на нејзиниот сопруг Амди Усинов.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 250030000324817 на лицето Севиме Усинова од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/18
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.10.2024 година.

Број 09–665/17
24.10.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-610/1 од 02.10.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIX-та седница одржана на ден 22.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** По барање на Гордана Крстевска и Валентина Тодорова од Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **36.000,00 денари**, за учество на меѓународен семинар организиран од Globe програма.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија, Програма А00 подставка 464 990 – други трансфери.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 638/19
22.10.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---